РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 14.02.2023

| Организ ед. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 18 | 322 | /1 | |

**До: Општина Гевгелија**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
бр. [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Дали Советот на млади учествувал во расправа за креирање на буџетот за 2023?**

**Листа на предлози и препораки кои Сиветот на млади ги дал за буџетот за 2023.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- **в) фотокопија**
- г**) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** [redacted]

______________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Општина Гевгелија како имател на информација од јавен карактер позитивно одговори на барањето за обезбедување слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted]

### О б р а з л о ж е н и е

[redacted] поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер со кои располага Општина Гевгелија, бр. 18-322/1 од 14.02.2023 година, кое се однесува на барање до општината, односно барање на информации за:

1. Дали Советот на млади учествувал во расправа за креирање на буџетот за 2023?

2. Листа на предлози и препораки кои Советот на млади ги дал за буџетот за 2023.

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

Бр.18-322/3
20.02.2023 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-322/2**
**20.02.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**Предмет:** Доставување на одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде е наведено дека од имателот ја барам следната информација од јавен карактер, односно:

1. Дали Советот на млади учествувал во расправа за креирање на буџетот за 2023?

2. Листа на предлози и препораки кои Советот на млади ги дал за буџетот за 2023.

Врз основа на претходно наведеното Ви доставуваме одговор на бараните информации :

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Општина Гевгелија формираше Локален младински совет, составен од претставници на различни видови организации кои работат со млади. Мандатите на членовите беа верицирани со Решение донесено од Совет на Општина Гевгелија бр. 09-2031/1 од 30.09.2022 година, а врз основа на Одлуката на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија за избор на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија бр. 08-1936/1 од 16.09.2022 година. Работењето на Локален младински совет согласно законските прописи, се утврдува со Програма за работа, која ја носи Советот на Општина Гевгелија. За таа цел, на втората седница одржана на 22.10.2022 година, ЛМС донесе одлука за изработка на Предлог-програма за нивната работа за 2023 година. Во изработката учествуваа членовите на Локален младински совет и членовите на Локалното младинско собрание на Општина Гевгелија, давајќи предлози за активностите кои би биле од корист за младите момчиња и девојчиња и мажи и жени во Општина Гевгелија на возраст од 15 до 29 години.

Предложените активности соодветствуваа со согледбите во актуелната состојба со младите во општина Гевгелија, согласно информациите кои секојдневно допираат до членовите на Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, како претставници на младиот свет, консултациите со

младинските организации на подрачјето на Општина Гевгелија и мапираните проблеми на општинско ниво во рамки на проектот: „Младински политики за подобар животен стандард на млади од помали средини“, преку спроведеното истражување на МОФ за застапување на младинските приорирети во седум општини, меѓу кои и Општина Гевгелија (Извор: Документот за јавни политики „Младинска вклученост во единиците на локалната самоуправа“, 2022 г., стр.13- глава „Резиме на мапирани проблеми на општинско ниво“).

https://mof.mk/wp-content/uploads/2022/09/Dokument-za-javni-politiki-mladinsko-uchestvo-vo-edinitsite-na-lokalnata-samouprava.pdf.

Во рамки на креирањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, Локалниот младински совет учествуваше со Предлог-Програма со активности за 2023 година, со предвидени средства за реализација во висина од 268.000 денари, како што налага и Законот за младинско учество и младински политики- најмалку 0,1%, од Буџетите на ЕЛС, која Советот на Општина Гевгелија ја усвои на 22.седница.

Прилог- Предлог-Програма за работа на ЛМС во 2023 година (pdf-документ)

Со почит,

Изработил,
Томе Јанкуловски,
Лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов

Доставено до:
- насловот
- архива

Врз основа на Законот за младински политики и младинско учество член 3 став 3 (Службен весник на РСМ бр.10/2020) и Статутот на Општина Гевгелија член 76-ѓ („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), на предлог на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на _______ 2023 год., донесе:

**ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА**
**за работа на Локалниот младински совет на**
**Општина Гевгелија во 2023 година**

**<u>1. Вовед:</u>**

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, формираниот Локалниот младински совет носи Програма за работа за наредната година, преку која со активности ќе учествува во градењето на локални политики за подобрување на статусот и од интерес на младите момци и девојки на возраст од 15 до 29 години во општината. Креирањето на Програмата е во согласност со ***Националната стратегија за млади 2016-2025 г***., а прилагодена со активности за извршување на потребите и интересите на младите девојки и момци, жени и мажи на локално ниво.

Програмата се повикува на ***Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите*** и ***Законот за спречување и заштита од дискриминација***, како и на ***Стратегијата за родова рамноправност 2022-2026 г.***

Во изработката учествуваа членовите на Локален младински совет и членовите на Локалното младинско собрание на Општина Гевгелија, давајќи предлози за активностите кои би биле од корист за младите момчиња и девојчиња и мажи и жени во Општина Гевгелија на возраст од 15 до 29 години.

Предложените активности соодветствуваат со согледбите во актуелната состојба со младите во општина Гевгелија, согласно информациите кои секојдневно допираат до членовите на Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, како претставници на младиот свет, консултациите со младинските организации на подрачјето на Општина Гевгелија и мапираните проблеми на општинско ниво во рамки на проектот: „Младински политики за подобар животен стандард на млади од помали средини“, преку спроведеното истражување на МОФ за застапување на младинските приорирети во седум општини, меѓу кои и Општина Гевгелија (Извор: Документот за јавни политики „Младинска вклученост во единиците на локалната самоуправа“, 2022 г., стр.13- глава „Резиме на мапирани проблеми на општинско ниво“).

Во Програмата се предвидени активности од неколку тематски области како: младинско учество, младинско информирање, образование, вработување и поддршка пред вработување, култура и спорт.

## 1.1. Тематски области:

**- Младинско учество** – Учеството на младите девојки и момци, жени и мажи е процес на создавање на можности за тие да бидат значаен дел од процесот и ефективно да влијаат во креирањето и спроведувањето на политиките кои придонесуваат во развојот на стратегиите и програмите.

**- Младинско информирање** – обезбедување пристап до информациите кои се поврзани со младите девојки и момци, жени и мажи, од институциите на централно и локално ниво. Најчесто, младинското информирање се подразбира како систем за давање услуги со специјализирани сервисни информации, кои се од интерес на младите луѓе. Особено важно за овој процес е тој да резултира со квалитетни информации до кои младите имаат слободен пристап и широка достапност.

**- Образование** – Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им овозможува на децата (момчиња и девојчиња), на младите (момци и девојки) и на возрасните (жени и мажи) моќ за аргументирано расудување, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и на социјалниот развој. Од особена важност е подеднакво да се третираат: средното и високото образование, неформалното образование, квалитетот, пристапот, интеграцијата во образовниот процес.

**- Поддршка пред вработување и вработување** – Вложување напори за промена на големата резигнираност и демотивираност кај младите девојки и момци, жени и мажи, во процесот на (само) вработување како и да се зголеми поддршката за младинското претприемништво, со цел надминување на младинската невработеност.

**- Култура** – Културата се однесува на збир на материјални и духовни добра на социјална група пренесена од генерација на генерација со цел да се водат индивидуалните и колективните практики. Вклучува јазик, процеси, начини на живот, обичаи, традиции, навики, вредности, обрасци, алатки и знаење. Покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други мерки и активности за подобрување на културно-рекреативниот живот и културна понуда за младите луѓе (девојки и момци, жени и мажи).

**- Спорт** - Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење на здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите девојки и момци, жени и мажи.

**- Квалитет на живот** - Содржи елементи од сите досега обработени тематски области, но истовремено се фокусира и на нови кои директно не припаѓаат под постоечките области.

**1.2. Цели:**

- обезбедени соодветни ресурси за имплементација на младински политики и механизми за младинско учество на локално ниво;
- институциите, организациите и младите (девојки и момци, жени и мажи) имаат редовни, континуирани и заеднички активности во согласност со интересите на младите девојки и момци, жени и мажи;
- достапност на информации од интерес на младите девојки и момци, жени и мажи (јавни повици, јавни конкурси, настани, обуки);
- младите девојки и момци и жени и мажи како проактивни и креативни партнери во процесот на надминување на невработеноста;
- збогатување на културно-забавниот живот на младите девојки и момци, жени и мажи; активно вклучување на младите девојки и момци, жени и мажи во креирање и спроведување на културните политики;
- збогатување на спортскиот живот на младите девојки и момци, жени и мажи; активно вклучување на млади девојки и момци и жени и мажи вклучени во креирање и спроведување политики за развој на спортот;
- активен придонес на младите девојки и момци, жени и мажи во зачувувањето на животната средина.

## 2. Анализа на состојбата

### 2.1. Според Попис, 2021 г. (извор: Завод за статистика)

**Вкупно резидентно население според поединечни години на возраст и пол**

| Гевгелија | Пол – Вк. | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Возраст – ВК. | 3241 | 1652 | 1589 |
| **15** | 197 | 101 | 96 |
| **16** | 197 | 108 | 89 |
| **17** | 199 | 100 | 99 |
| **18** | 238 | 121 | 117 |
| **19** | 178 | 85 | 93 |
| **20** | 202 | 98 | 104 |
| **21** | 226 | 130 | 96 |
| **22** | 201 | 107 | 94 |
| **23** | 207 | 93 | 114 |
| **24** | 214 | 106 | 108 |
| **25** | 227 | 113 | 114 |
| **26** | 235 | 123 | 112 |
| **27** | 255 | 128 | 127 |
| **28** | 240 | 124 | 116 |
| **29** | 225 | 115 | 110 |

**Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според писменост и пол**

| Гевгелија | Писменост – ВК. | | | Писмен | | | Неписмен | | | Непознато | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж |
| Возр. група – ВК. | 3241 | 1652 | 1589 | 3153 | 1611 | 1542 | 5 | 2 | 3 | 83 | 44 | 39 |
| **15-19** | 1 009 | 515 | 494 | 1 000 | 508 | 492 | - | - | - | 9 | 7 | 2 |
| **20-24** | 1 050 | 534 | 516 | 1 025 | 524 | 501 | 2 | 1 | 1 | 23 | 9 | 14 |
| **25-29** | 1 182 | 603 | 579 | 1 128 | 579 | 549 | 3 | 1 | 2 | 51 | 23 | 28 |

## Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, пол, возраст

| Гевгелија | Највисок степен на школска подготовка – ВК. | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи |
| Возрасна група – ВК. | 1652 | 6 | 4 | 404 | 1001 | 178 | 20 | 0 | 39 |
| **15-19** | 515 | 1 | 4 | 383 | 120 | - | - | - | 7 |
| **20-24** | 534 | 3 | - | 7 | 474 | 39 | 2 | - | 9 |
| **25-29** | 603 | 2 | - | 14 | 407 | 139 | 18 | - | 23 |

| Гевгелија | Највисок степен на школска подготовка - ВК. | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени |
| Возрасна група – ВК. | 1589 | 1 | 8 | 366 | 806 | 320 | 44 | 0 | 44 |
| **15-19** | 494 | - | 6 | 350 | 136 | - | - | - | 2 |
| **20-24** | 516 | - | 1 | 8 | 414 | 75 | 4 | - | 14 |
| **25-29** | 579 | 1 | 1 | 8 | 256 | 245 | 40 | - | 28 |

## Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност

| Гевгелија | Раб. нас. - ВК. | | | Акт. население - ВК. | | | Акт. население - враб. | | | Акт. население - невраб. | | | Вк. неакт. население | | | Непознато | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол – ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж |
| Возрасна група – ВК. | 3241 | 1652 | 1589 | 1721 | 914 | 807 | 1387 | 726 | 661 | 334 | 188 | 146 | 1486 | 722 | 764 | 34 | 16 | 18 |
| **15-19** | 1 009 | 515 | 494 | 103 | 60 | 43 | 54 | 32 | 22 | 49 | 28 | 21 | 890 | 447 | 443 | 16 | 8 | 8 |
| **20-24** | 1 050 | 534 | 516 | 616 | 341 | 275 | 482 | 266 | 216 | 134 | 75 | 59 | 428 | 190 | 238 | 6 | 3 | 3 |
| **25-29** | 1 182 | 603 | 579 | 1 002 | 513 | 489 | 851 | 428 | 423 | 151 | 85 | 66 | 168 | 85 | 83 | 12 | 5 | 7 |

## Невработени лица на возраст од 15 години и повеќе лица според највисокиот степен на школска подготовка, пол и возраст

| Гевг. | Највисок степен на школ. подготовка – ВК. | | | Без образование | | | Незавр. основно образ. | | | ОО | | | СО | | | ВО | | | М-Р | | | Д-Р | | | Непоз. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВЌ. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж |
| Возр. група - ВК. | 334 | 188 | 146 | 1 | 1 | - | 2 | 1 | 1 | 26 | 14 | 12 | 237 | 151 | 86 | 56 | 18 | 38 | 12 | 4 | 8 | - | - | - | - | - | - |
| 15-19 | 49 | 28 | 21 | - | - | - | - | - | - | 13 | 6 | 7 | 36 | 22 | 14 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 20-24 | 134 | 75 | 59 | - | - | - | 1 | - | 1 | 7 | 4 | 3 | 108 | 66 | 42 | 16 | 5 | 11 | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - | - |
| 25-29 | 151 | 85 | 66 | 1 | 1 | - | 1 | - | 1 | 6 | 4 | 2 | 93 | 63 | 30 | 40 | 13 | 27 | 10 | 4 | 6 | - | - | - | - | - | - |

## Вкупно резидентно население според статусот на попреченост по возрасни групи и пол

| Гевгелија | Статус на попреченост- ВК. | | | Да | | | Не | | | Не се изјаснил | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол - ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж |
| 15-65 | 14 266 | 7 272 | 6 994 | 490 | 250 | 240 | 13 008 | 6 611 | 6 397 | 23 | 11 | 12 |

## Вкупно резидентно население според видот на попреченоста, групи на возраст и пол

| Гевгелија | Вид на попореченост- ВК. | | | Со движењето | | | Со видот | | | Со слухот | | | Со комуникацијата | | | Други потешкотии | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол - ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж | Пол – ВК. | М | Ж | Пол - ВК. | М | Ж |
| 15-65 | 490 | 250 | 240 | 178 | 91 | 87 | 54 | 22 | 32 | 26 | 9 | 17 | 34 | 20 | 14 | 198 | 108 | 90 |

Според спроведениот Попис во 2021 година, вкупната бројка на младо резидентно население во Општина Гевгелија изнесува 3241 лице, од кои 1652 се мажи, а 1583 жени. Според возраста на лицата од 15 до 29 години, најбројни се лицата на возраст од 27 години, чија бројка изнесува 255 лица, од кои 128 мажи и 127 жени. Од вкупно попишаните млади лица, 3153 се изјасниле дека се писмени, од кои 1611 мажи и 1542 жени, а најбројна е категоријата на млади, на возраст од 25 до

29 години. Според степенот на образование, преовладува бројот на лицата со завршено средно образование, од кои 1001 маж и 806 жени, а најбројна е категоријата на возраст од 15 до 19 години- 1807 лица. Бројот на млади кои учат средно образование, изнесува 831 лица. Според статистичките податоци од Пописот, најголем број од младите се невработени лица на возраст од 25 до 29 години, а според степенот на школската подготовка се лицата со завршено средно образование, на возраст од 20 до 24 години.

## 2.2. Податоци за ученици во средно образование (Извор: Одделение за образование при Општина Гевгелија)

**ПРЕГЛЕД на вкупниот број на ученици, повторувачи и паралелки во средното образование според видот на образованието и наставниот јазик во учебната 2022/2023 година**

| Општина | Средно училиште | наставен јазик | I година | | | II година | | | III година | | | IV година | | | ВКУПНО I-IV | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки |
| Гевгелија | СОУ„Јосиф Јосифовски“ | македонски јазик | 147 | 0 | 9 | 174 | 0 | 10 | 171 | 0 | 11 | 144 | 0 | 8 | **636** | **0** | **38** |
| | | албански јазик | | | | | | | | | | | | | **0** | **0** | **0** |
| | | турски јазик | | | | | | | | | | | | | **0** | **0** | **0** |
| | | српски јазик | | | | | | | | | | | | | **0** | **0** | **0** |
| | | ВКУПНО | **147** | **0** | **9** | **174** | **0** | **10** | **171** | **0** | **11** | **144** | **0** | **8** | **636** | **0** | **38** |

| Општина | Средно училиште | гимназиско образование | I година | | | II година | | | III година | | | IV година | | | ВКУПНО I-IV | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки |
| Гевгелија | СОУ„Јосиф Јосифовски“ | македонски јазик | *44* | | *3* | 56 | | *4* | *73* | | *5* | *82* | | *5* | 255 | 0 | 17 |
| | | албански јазик | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | | турски јазик | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | | српски јазик | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 44 | 0 | 3 | 56 | 0 | 4 | 73 | 0 | 5 | 82 | 0 | 5 | 255 | 0 | 17 |

| Општина | Средно училиште | стручно образование | I година | | | II година | | | III година | | | IV година | | | ВКУПНО I-IV | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки | ученици | од кои повторувачи | паралелки |
| Гевгелија | СОУ„Јосиф Јосифовски“ | македонски јазик | *103* | | *6* | *118* | | *6* | *98* | | *6* | *62* | | *3* | 381 | 0 | 21 |
| | | албански јазик | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | | турски јазик | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 103 | 0 | 6 | 118 | 0 | 6 | 98 | 0 | 6 | 62 | 0 | 3 | 381 | 0 | 21 |

| вид на образование | образовен профил/ подрачје/ насока | пол | I година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | II година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | III година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | IV година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | **ВКУПНО (ученици по наставен јазик и пол) I-IV** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мак.ј. | алб.ј | тур.ј | вкупно | мак.ј. | алб.ј | тур.ј | вкупно | мак.ј. | алб.ј | тур.ј | вкупно | мак.ј. | алб.ј | тур.ј | вкупно | мак.ј. | алб.ј | тур.ј | вкупно |
| **гимназиско** | | **женски** | 31 | | | 31 | 30 | | | 30 | | | | 0 | | | | 0 | **61** | **0** | **0** | **61** |
| | | **вкупно** | 44 | | | 44 | 56 | | | 56 | | | | 0 | | | | 0 | **100** | **0** | **0** | **100** |
| **Гимназиско** | **ПМА** | **женски** | | | | 0 | | | | 0 | 7 | | | 7 | 2 | | | 2 | **9** | **0** | **0** | **9** |
| | | **вкупно** | | | | 0 | | | | 0 | 25 | | | 25 | 15 | | | 15 | **40** | **0** | **0** | **40** |
| **гимназиско** | **ПМБ** | **женски** | | | | 0 | | | | 0 | 15 | | | 15 | 28 | | | 28 | **43** | **0** | **0** | **43** |
| | | **вкупно** | | | | 0 | | | | 0 | 24 | | | 24 | 45 | | | 45 | **69** | **0** | **0** | **69** |
| **гимназиско** | **ОХА** | **женски** | | | | 0 | | | | 0 | 8 | | | 8 | 11 | | | 11 | **19** | **0** | **0** | **19** |
| | | **вкупно** | | | | 0 | | | | 0 | 8 | | | 8 | 22 | | | 22 | **30** | **0** | **0** | **30** |
| **гимназиско** | **ОХБ** | **женски** | | | | 0 | | | | 0 | 11 | | | 11 | | | | 0 | **11** | **0** | **0** | **11** |
| | | **вкупно** | | | | 0 | | | | 0 | 16 | | | 16 | | | | 0 | **16** | **0** | **0** | **16** |
| **стручно** | **економски техничар** | **женски** | 7 | | | 7 | 26 | | | 26 | 16 | | | 16 | 10 | | | 10 | **59** | **0** | **0** | **59** |
| | | **вкупно** | 12 | | | 12 | 36 | | | 36 | 21 | | | 21 | 16 | | | 16 | **85** | **0** | **0** | **85** |
| **стручно** | **МТМВ** | **женски** | 1 | | | 1 | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | **1** | **0** | **0** | **1** |
| | | **вкупно** | 18 | | | 18 | 23 | | | 23 | 20 | | | 20 | 17 | | | 17 | **78** | **0** | **0** | **78** |
| **стручно** | **автомеханичар** | **женски** | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | | | | 0 | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | 3 | | | 3 | 0 | | | 0 | 6 | | | 6 | | | | 0 | 9 | 0 | 0 | 9 |
| стручно | ХТТ | женски | 11 | | | 11 | 15 | | | 15 | 19 | | | 19 | 12 | | | 12 | 57 | 0 | 0 | 57 |
| | | вкупно | 25 | | | 25 | 23 | | | 23 | 27 | | | 27 | 29 | | | 29 | 104 | 0 | 0 | 104 |
| стручно | готвач | женски | 0 | | | 0 | 2 | | | 2 | 4 | | | 4 | | | | 0 | 6 | 0 | 0 | 6 |
| | | вкупно | 7 | | | 7 | 9 | | | 9 | 13 | | | 13 | | | | 0 | 29 | 0 | 0 | 29 |
| стручно | келнер | женски | 2 | | | 2 | 1 | | | 1 | 4 | | | 4 | | | | 0 | 7 | 0 | 0 | 7 |
| | | вкупно | 9 | | | 9 | 3 | | | 3 | 11 | | | 11 | | | | 0 | 23 | 0 | 0 | 23 |
| стручно | гинеколошко-акушерска сестра | женски | 12 | | | 12 | 16 | | | 16 | | | | 0 | | | | 0 | 28 | 0 | 0 | 28 |
| | | вкупно | 12 | | | 12 | 16 | | | 16 | | | | 0 | | | | 0 | 28 | 0 | 0 | 28 |
| стручно | физиотерапевтски техничар | женски | 2 | | | 2 | 4 | | | 4 | | | | 0 | | | | 0 | 6 | 0 | 0 | 6 |
| | | вкупно | 4 | | | 4 | 8 | | | 8 | | | | 0 | | | | 0 | 12 | 0 | 0 | 12 |
| стручно | бизнис администратор | женски | 8 | | | 8 | | | | 0 | | | | 0 | | | | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 |
| | | вкупно | 13 | | | 13 | | | | 0 | | | | 0 | | | | 0 | 13 | 0 | 0 | 13 |
| ВКУПНО | | женски | 74 | | | 74 | 94 | | | 94 | 84 | | | 84 | 63 | | | 63 | 315 | 0 | 0 | 315 |
| | | вкупно | 147 | | | 147 | 174 | | | 174 | 171 | | | 171 | 144 | | | 144 | 636 | 0 | 0 | 636 |

Во Општина Гевгелија има едно средно училиште. Во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во учебната 2022/2023 година, настава следат вкупно 636 ученика, од кои 315 се женски, а 321 машки, распоредени во 38 паралелки. Од кои, во 17 паралелки настава за гимназиско образование следат 255 ученика (143 женски и 112 машки), додека настава за средно стручно образование следат 381 ученик, распоредени во 21 паралелка (172 женски и 209 машки). Вкупниот број на ученици во прва година изнесува 174 (74 женски и 100 машки), во втора година 174 (94 женски и 80 машки), во трета година 171 (84 женски и 84 машки) и во четврта година 144 ученика (63 женски и 81 машко).

**3. Активности и финансирање**

| Тематска област: | Активност: | Очекуван резултат: | Временска рамка: | Вид ресурси: | Предвиден буџет: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Младинско учество** | - Изработка на Стратегија за млади на општина Гевгелија | **- активно вклучување на младите како активни партнери во процесот на имплементација на младинска работа на локално ниво<br>- изработка на Акционен план на активности.** | јануари-декември, 2023 година | работни простории, надворешни консултанти | 12.000,00 денари |
| | - Отворање на Канцеларија за млади | **- обезбедување на сите потребни ресурси за подговка и отворање на канцеларија за млади во Општина Гевгелија (работен простор за одржување седници на ЛМС на ОГ, како и простор за одржување средби со и организирање настани за младите)** | јануари-јуни, 2023 година | Канцелариска опрема, канцелариски материјали, објект/просторија, внатрешно уредување | 90.000,00 денари |
| | - Социјална инклузија на лица со попреченост (квартални состаноци со деца и млади со попреченост) | **- идентификување и афирмација на проблемите со кои се соочуваат децата и младите со попреченост на локално ниво** | март- мај - септември - декември, 2023 | Простории за работа, промотивен материјал, аудио-визуелни алатки | 14.000,00 денари |
| **2. Младинско информирање** | - Веб-платформа на која ќе бидат собрани сите информации од интерес на младите (јавни повици, | **- подобра информираност на младите<br>- унапредена транспарентност и полесна** | јануари-декември, 2023 година | работни простории, ИТ-уреди, администратор | 25.000,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | јавни конкурси, настани, обуки, интернет-алатка за комуникација со младите) | **достапност до информации** | | | |
| | - Финансиска едукација на млади за рационално управување со личните финансии | **- препознавање финансиски криминал и превенција од финансиска измама** | јуни, 2023 година | работни простории, надворешни консултанти | 10.000,00 денари |
| | - Еко-едукација на млади за одржливо користење на обновливите извори | **- подобрување на знаењата од областите на енергетска криза, климатските промени и практично справување со истите** | мај, 2023 година | Сала за настани, аудио-визуелни помагала, предавачи | 8.000,00 денари |
| **3. Образование** | - Трибина за младите на табу- тема (за определување на темата ќе биде спроведена електронска анкета на веб-сајтот на Општина Гевгелија, како и писмена анкета во училиштата и младинските организации) | **- подигање на свеста за конкретен проблем кој е табу-тема меѓу младите** | април, 2023 година | Предавачи, промотивен материјал | 6.000,00 денари |
| **4. Поддршка пред вработување** | - Обука за претставување лични професионални компетенциии и квалификации (пишување CV, мотивационо писмо и симулација на интервју | **- подобрување на компетенциите на младите за вработување** | мај, 2023 - мај, 2024 | работни простории, надворешни консултанти | 8.000,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5. Култура** | - Одбележување на Меѓународниот ден на младите (12 Август) со дневна културно-уметничка програма | **- вклучување на младите уметници од Гевгелија во културниот живот и нивна афирмација** | август, 2023 година | работна просторија, промотивни материјали, сала за настани и јавен простор | 20.000,00 денари |
| | - Летна културна програма за младите (културно-уметничка манифестација, музички концерти, кино-ден) | **- збогатен културно-забавен живот во текот на летниот период** | јуни - август, 2023 година | работна просторија, промотивни материјали, сала за настани и јавен простор | 30.000,00 денари |
| **6. Спорт** | - Дневна спортска програма со натпреварувачки карактер за време на велигденските празници | **- поттикнување на спортскиот и натпреварувачки дух за учениците од основните училишта и СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија** | мај, 2023 година | работна просторија, промотивни материјали и јавен простор | 15.000,00 денари |
| **7. Квалитет на живот** | - Пошумување, враќање на Ден на дрвото на локално ниво | **- поголема одговорност и развиена свест на младите за зачувување на животната средина** | 28 Април, 2023 година | промотивни материјали, ресурси потребни за еко-акција | 30.000,00 денари |
| Други активности: | | | | | |
| **Вкупно:** | | | | | **268.000,00 денари** |

Активностите утврдени во оваа Програма ќе бидат реализирани со средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година (**Програма D0 Градоначалник**), со можност и за други извори на финансирање како што се проекти, соработка со Агенција за млади и спорт и невладини организации кои работат во областа на младите. Согласно Законот за младинско учество и младински политики, од Буџетот на Општина Гевгелија треба да се издвојат средства во висина од 0,1%.

За активностите од областа на младинските политики и младинското учество кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2023 година и се од општ интерес за младите од општина Гевгелија, и за истите ќе бидат обезбедени дополнителни средства, Советот на Општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

## 4. Родови индикатори

- вклученост на девојки и момци, жени и мажи во креирањето на младинските политики на локално ниво;
- вклученост на девојчињата и момчињата, мажи и жени во реализацијата на младинските политики;
- еднаков пристап на девојки и момци, жени и мажи до информациите од нивна корист (јавни повици, конкурси, настани, обуки);
- број на девојки и момци, жени и мажи во подготовката и усвојување на Стратегијата за млади на Општина Гевгелија;
- број на девојци и момци, жени и мажи кои ја посетиле канцеларијата на Локалниот младински совет и побарале информации од интерес на младите во делокругот на неговите надлежности и надлежностите на Општина Гевгелија;
- број на девојки и момци, жени и мажи членови во граѓански организации;
- број на девојки и момци, жени и мажи со попреченост на возраст од 15 до 29 години;
- процент на девојки и момци, жени и мажи кои ќе посетуваат обуки;
- број на девојки / момчиња, жени и мажи изведувачи, изложувачи, актери.

## 5. Извршител на Програмата

Задолжен за извршување на активностите предвидени во Програмата е Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, во соработка со Општина Гевгелија, а во координација со службеникот за млади во Општина Гевгелија.

### 5.1. Следење и известување

За резултатите од следењето и реализацијата на активностите од Програмата ќе се подготвуваат полугодишни извештаи, од страна на членовите на Локалниот младински совет во соработка со службеникот за млади.

Притоа, ќе биде подготвен и Годишниот извештај врз основа на полугодишните извештаи, кој ќе уследи на усвојување на Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавен во службеното гласило. Покрај објавувањето во службеното гласило, во соработка со ИТ- службата ќе се промовираат активностите и резултатите на веб-страната на Општина Гевгелија и социјалните мрежи, со кои располагаат Општина Гевгелија и ЛМС на ОГ.

**6. Завршни одредби**

Програмата за работа на Локален младиски совет на Општина Гевгелија во 2023 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-_______
______. 2023 г.
Гевгелија

претседател
на Советот на Општина Гевгелија,

**Патрик Матх**